

МОНОГРАФИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

20 ГОДИНИ

2006 - 2026

ДВАЕСЕТ ГОДИНИ ВИЗИЈА, ЗНАЕЊЕ И СОЗДАВАЊЕ ИДНИНА

МОНОГРАФИЈА

УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

20 ГОДИНИ

2006–2026

ДВАЕСЕТ ГОДИНИ ВИЗИЈА,

ЗНАЕЊЕ И

СОЗДАВАЊЕ ИДНИНА

Скопје, 2026

20
ГОДИНИ

За јубилејното издание

Оваа монографија е посветена на дваесетгодишниот развој на Универзитет Скопје – од првите академски чекори во 2006 година до современа високообразовна институција со развиена наставна, научно-истражувачка, меѓународна и општествено одговорна мисија.

Таа ја поврзува меморијата на првата деценија со достигнувањата на втората и ја претставува институционалната приказна како континуитет на луѓе, идеи, вредности и резултати.

1

ОБРАЌАЊЕ НА РЕКТОРОТ

Дваесет години визија, знаење и создавање иднина!



Ректор на Универзитет Скопје проф. д-р Аце Миленковски

Почитувани читатели, почитувани студенти, професори, соработници, алумни, партнери и пријатели на Универзитет Скопје,

Со особена чест, гордост и благодарност го одбележуваме овој значаен јубилеј – 20 години од основањето на Универзитет Скопје. Оваа монографија не е само сведоштво за едно времетраење. Таа е приказна за визија претворена во реалност, за соништа преточени во достигнувања, за генерации студенти кои ги изградија своите кариери, за професори кои несебично го вложија своето знаење и за институција која во текот на две децении прерасна во препознатлив симбол на квалитетно високо образование.

Кога во 2006 година ја започнавме нашата академска мисија како Факултет за туризам, а потоа како Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, бевме водени од една едноставна, но силна идеја: да создадеме современа високообразовна институција која ќе ги следи светските трендови, ќе создава стручни и одговорни кадри и ќе придонесува за развојот на македонското општество.

Во тие први години поставувавме темели – темели изградени врз квалитет, професионалност, научна љубопитност и постојана желба за напредок. Денес, по две децении работа, можеме со гордост да кажеме дека тие темели се претворија во цврста академска куќа, препознаена и почитувана во земјата и надвор од неа.

Во текот на овие дваесет години Универзитетот реализираше национални и меѓународни проекти, воспостави соработка со високообразовни и научни институции од Европа и светот и создаде академска средина во која знаењето, истражувањето и практичната примена се неразделни делови од образовниот процес.

„Особено сме горди што UTMS Journal of Economics израсна во меѓународно препознаена научна платформа, со меѓународен уредувачки одбор и присуство во релевантни научни бази. Во неговите изданија се објавени стотици научни трудови од автори од различни држави, со што Универзитетот создаде траен простор за научна размена и академски дијалог.„

Во изминатите две децении Универзитетот беше домаќин и организатор на научни конференции, меѓународни конгреси, симпозиуми, стручни форуми и академски дебати, создавајќи простор за размена на идеи, нови сознанија и партнерства кои го надминуваат локалниот и националниот контекст.

Горди сме што уште од самите почетоци квалитетот претставуваше наш највисок приоритет. Нашата политика на квалитет е втемелена врз принципите на TedQual стандардите на Светската туристичка организација при Обединетите нации, а континуираното потврдување на овој меѓународен стандард е доказ за нашата посветеност кон највисоките критериуми во високото образование.

Во втората деценија од нашето постоење започна нова етапа во развојот на институцијата – период на трансформација, модернизација и интернационализација. Од УТМС израснавме во Универзитет Скопје, современ универзитет кој ги обединува академската традиција, иновациите и глобалната перспектива.

Ребрендирањето на Универзитетот не беше само формална промена на името. Тоа беше логичен резултат на нашиот раст, на проширувањето на студиските програми, на зголеменото меѓународно присуство и на стремежот да создадеме институција која ќе биде препознатлива и конкурентна на европскиот и светскиот образовен простор.

Во последните десет години значително го зајакнавме нашето меѓународно присуство преку европски програми, академски партнерства и мобилности на студенти и наставен кадар. Нашите студенти стекнуваа знаења и искуства на европски универзитети, а Универзитет Скопје стана дом на бројни меѓународни иницијативи кои придонесоа кон унапредување на образовниот процес и научно-истражувачката работа.

Посебна чест за мене, но пред сè за Универзитетот, претставува добивањето на меѓународното признание „Ambassador of Education“, како и изборот за член на Академската унија на Оксфорд. Овие признанија ги доживувам како признание за целокупната работа на Универзитет Скопје и за сите генерации професори, студенти и соработници кои со својот труд ја градеа оваа институција.

Голема гордост претставува и нашето активно учество во глобалните активности на Светската туристичка организација на Обединетите нации – денес UN Tourism – каде Универзитетот е присутен во академскиот дијалог за развојот на современото туристичко образование и научно-истражувачката дејност.

Сепак, најголемото признание за нас не се наградите, сертификатите или меѓународните титули. Нашето најголемо достигнување се луѓето.

Тоа се илјадниците дипломирани студенти кои денес успешно работат во институции, компании, организации и претпријатија во Македонија и низ светот. Тоа се младите луѓе кои како студенти ги поминаа своите академски години на Универзитетот, а денес се успешни менаџери, професионалци, претприемачи, туристички работници, економисти, ИТ-стручњаци и лидери во своите области. Тие се нашата најголема инвестиција и нашиот најголем успех.

Посебно место во нашата мисија отсекогаш имале младите. Токму затоа, во текот на годините доделивме стотици стипендии за талентирани ученици, студенти и спортисти, вложувајќи во нивниот развој и во нивната иднина. Веруваме дека општеството напредува само тогаш кога вложува во младите генерации и токму затоа општествената одговорност останува една од најважните вредности на Универзитет Скопје.

Овој јубилеј е можност да им оддадеме признание и благодарност на сите кои беа дел од нашето патување – професорите, асистентите, административниот кадар, студентите, алумни заедницата, институционалните партнери и пријателите на Универзитетот. Секој од нив вгради дел од себе во развојот на оваа институција. А јас, во нејзиното создавање и развој, се вложив целосно – со професионална посветеност, лична енергија и со верба во мисијата што ја започнавме.

Благодарност им должиме и на генерациите студенти кои ни ја дадоа довербата да бидеме дел од нивното образование, нивните соништа и нивните животни приказни.

Денес, кога ги одбележуваме првите дваесет години, гледаме наназад со чувство на исполнетост и гордост, но уште повеќе гледаме напред. Светот се менува побрзо од кога било. Новите технологии, вештачката интелигенција, дигиталната трансформација и глобалните предизвици создаваат нови потреби и нови можности.

Да продолжиме да создаваме знаење.

Да продолжиме да создаваме лидери.


Да продолжиме да создаваме иднина.

Уверен сум дека Универзитет Скопје и во деценииите што следуваат ќе остане место каде што знаењето ќе биде најголемата вредност, иновациите ќе бидат двигател на развојот, а студентите ќе бидат нашата најголема инспирација.

Дваесет години се значајна пресвртница. Но за Универзитет Скопје, тие се само почеток.

Ви благодарам на сите што бевте и што сте дел од оваа приказна. Продолжуваме со истата верба со која почнавме, со благослов и со зборот на дедо Стефан пред нас – ние по него.

Проф. д-р Аце Миленковски
Ректор на Универзитет Скопје




УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ
УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ
FTS Travel


УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

2

ДВАЕСЕТ ГОДИНИ ВО ЕДЕН ПОГЛЕД

Две децении во животот на еден универзитет се доволно долг период за идејата да стане традиција, а традицијата да стане обврска кон иднината.

Приказната на Универзитет Скопје започнува во 2006 година со основањето на првиот приватен Факултет за туризам во земјата. Од првиот академски час, институцијата се развива со јасна определба: современо образование, практично знаење, меѓународна ориентација и трајна култура на квалитет.

Во периодот што следуваше, академската понуда се прошируваше, се создаваа нови факултети и институционални единици, се воспоставуваа партнерства со универзитети и организации од повеќе држави, се развиваше научно-истражувачката и издавачката дејност, а студентските мобилности и практичната настава станаа важен дел од академското искуство.
Првата деценија беше време на основање, проширување и позиционирање. Втората беше време на интернационализација, модернизација и нов идентитет. Во 2023 година, ребрендирањето во Универзитет Скопје ја означи зрелоста на институцијата и нејзиниот стремеж да настапува со име кое ја надминува рамката на првичната специјализација и ја изразува ширината на современата академска мисија.
Денес, јубилејот „20 години Универзитет Скопје“ не е само поглед кон архивата. Тој е пресек на резултати, но и платформа за следната развојна фаза – во која дигитализацијата, вештачката интелигенција, интердисциплинарноста, претприемништвото и глобалната академска поврзаност ќе имаат уште поголемо значење.



Универзитет Скопје

3

ОД ИДЕЈА ДО УНИВЕРЗИТЕТ: ПОЧЕТОЦИТЕ 2006 –2009

3.1. 2006 – година кога започна приказната

На 8 октомври 2006 година свечено беше отворен првиот приватен Факултет за туризам. Ден подоцна, на 9 октомври, беше одржан првиот академски час. Тие два датума остануваат симболичен почеток на институционалната приказна на денешен Универзитет Скопје.

Почетокот беше скромен по обем, но амбициозен по концепт. Уште во првиот семестар студентите беа вклучени во наставно-научни практикуми и меѓународни саемски посети. Во ноември и декември 2006 година беше реализирана првата посета на меѓународен саем за туризам во Атина, со што практичната и интернационалната димензија беа поставени како дел од академскиот модел од самиот почеток.




08.10.2006 Свечено отворање на Факултетот за туризам

3.2. 2007 – првите признанија и првата генерација

Во 2007 година студентите учествуваа на наставно-научни практикуми и меѓународни саеми во Истанбул, Солун, Нови Сад и други центри. Истата година беше реализирана летна пракса во хотели во Грција, а учеството на саемот за туризам во Нови Сад донесе Гран при награда за најдобар промотивен настап. Тоа беше прв видлив меѓународен успех на младата институција.

Во септември 2007 година беше основан Фондот „Проф. д-р Љубе Миленковски“, со мисија да го поддржува развојот на образованието и науката преку стипендии и помош за талентирани ученици и студенти. На тој начин, општествената одговорност уште рано стана институционална вредност, а не споредна активност.



Ректорот проф. д-р Аце Миленковски до сликата од проф. д-р Љубе Миленковски по кого е именуван фондот за стипендирање млади и талентирани

"Знаењето е светилникот што го води човекот кон слободата, достоинството и напредокот. Универзитет Скопје не создава само дипломирани и магистрирани, туку создава личности, носители на просветителството, чувари на вредностите и творци на иднината. Претворете го знаењето во дело, успехот во одговорност, а вашата иднина во придонес за општеството. Создавајте дела што ке останат, затоа што сите ние заедно сме дел од една неизбришлива трага.“

Ректор проф. д-р Аце Миленковски

3.3. 2008–2009 – институционално проширување

Со растот на интересот за студирање, зголемувањето на бројот на студенти и постепениот развој на нови академски области, започна значаен процес на институционално проширување. Периодот 2008–2009 претставува важна пресвртница во развојот на институцијата, бидејќи беа создадени услови Факултетот за туризам да прерасне во Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје. Оваа трансформација не претставуваше само промена на институционалниот статус, туку и отворање на нова развојна перспектива, со можност за проширување на образовната и академската дејност.



Универзитет за туризам и менаџмент Скопје 2009

Новиот статус овозможи развој на повеќе факултети, студиски програми и научни области, со што институцијата постепено ја прошири својата академска понуда и ја постави својата дејност на поширока академска траекторија. Создавањето нови образовни можности претставуваше одговор на потребите на студентите и на промените во општеството и пазарот на трудот, но и основа за понатамошно унапредување на наставниот и научно-истражувачкиот процес.

Овој период истовремено означи премин од почетната фаза на институционална консолидација кон посложен модел на универзитетско функционирање.
Паралелно со развојот на студиските програми и проширувањето на академските области, се создаваа услови за воспоставување и унапредување на различни институционални механизми и служби. Нивната цел беше да обезбедат поквалитетна поддршка за студентите, наставниот кадар и целокупната академска заедница.

Од оваа точка, развојот повеќе не се мереше само со бројот на студенти и наставни програми. Во фокусот сè повеќе се наоѓаа квалитетот на образованието, академските стандарди, научно-истражувачката работа и институционалната организација. Се создаваа структури за меѓународна соработка, контрола на квалитет, студентска грижа, издавачка дејност, развој на кариерата, алумни-заедницата и научно-истражувачката работа.

4

ПРВАТА ДЕЦЕНИЈА: ГРАДЕЊЕ ИНСТИТУЦИЈА 2006–2016

Првата деценија на Универзитетот беше период на создавање институционална инфраструктура, академска експанзија и меѓународно позиционирање. Во тој период беа поставени основите на моделот кој и денес ја дефинира институцијата: тесна поврзаност на теоријата и практиката, активна соработка со стопанството, меѓународни академски контакти и систематска грижа за квалитетот.

4.1. Практична настава како дел од идентитетот

Од првата генерација наваму, практичната настава беше третирана како составен дел од академскиот процес. Студентите учествуваа на теренски практикуми, саеми, стручни посети и практикантски програми во земјата и странство. Овој пристап им овозможи уште за време на студиите да воспостават контакт со реалните професионални средини и да ги претворат теоретските знаења во применливи компетенции.



Наша студентка Ана-Марија Цириќ на пракса во Фудбалската Федерација на Македонија

4.2. Скопје како точка на меѓународен академски дијалог

Во април 2011 година Универзитетот го организираше „Skopje Travel Market 2011“, а во истиот период Скопје стана место на средби со претставници на Светската туристичка организација. Посетите на Хавиер Бланко, Јоланда Пердомо - директори на придружните членки на UNWTO и другите претставници на UNWTO, како и контактите со тогашниот генерален секретар Талеб Рифаи, ја зајакнаа меѓународната видливост на институцијата.

Во јули 2014 година Талеб Рифаи го посети Универзитетот и одржа предавање посветено на значењето на образованието и знаењето за растечкиот туристички сектор. Посетата имаше силно симболично значење: таа ја потврди долгогодишната ориентација на Универзитетот кон меѓународните стандарди во туристичкото образование.



Јули 2014 Генералниот секретар на Светската туристичка организација Талеб Рифаи во посета на Универзитет за туризам и менаџмент

"Големите нешта не се создаваат во еден ден, ниту големите дела почиваат врз случајноста ,тие се градат со знаење, визија, истрајност и верба во вредностите што остануваат. Универзитетот не е само место каде што се стекнува знаење, тој е темел врз кој се градат личности, идеи и иднината на едно општество. Затоа, од вас, драги студенти не очекувам само да постигнете успех, туку да создадете нешто што ке има вредност и за оние што доагаат по вас. Создавајте дела што ке надживеат време, бидете темел на нови почетоци и оставете зад себе трага по која идните генерации ке знаат дека токму вие сте ја граделе иднината."

Ректор проф. д-р Аце Миленковски

4.3. ICON BEST – научна платформа со меѓународен карактер

Меѓународниот научен конгрес ICON BEST – International Congress for Business, Education, Sport and Tourism претставува една од препознатливите научно-истражувачки платформи на Универзитетот Скопје, создадена со визија да ги поврзе академската заедница, истражувачите, професионалците и претставниците на бизнис-секторот во заеднички простор за размена на знаења, научни резултати и современи идеи. Корените на ICON BEST датираат од 2008 година, кога настанот започнува како научна конференција, од 2009 година прераснува во научен конгрес, со што постепено се развива во традиционален меѓународен научен настан на Универзитетот.
Конгресот низ годините ги опфаќа областите на бизнисот, економијата, образованието, спортот и туризмот, а неговата тематска рамка се проширува и кон менаџментот, маркетингот, претприемништвото, човечките ресурси, информациските технологии, финансиите и современите процеси во општеството.



Меѓународен научен конгрес ICONBEST

Особената вредност на ICON BEST е во неговиот интердисциплинарен карактер. Конгресот создава можност различни научни дисциплини да се сретнат околу заеднички прашања поврзани со економскиот и општествениот развој. Преку научни трудови, пленарни предавања, тематски сесии и дискусии, учесниците имаат можност да ги презентираат своите истражувања, да разменат научни искуства и да отворат нови перспективи за соработка. Во програмите на претходните изданија се застапени теми поврзани со туризмот и неговите социокултурни и економски ефекти, одржливиот туризам, гастрономијата, претприемништвото, маркетингот, интегрираните маркетинг-комуникации, лидерството, човечките ресурси, менаџментот, економијата и финансиите, деловното образование, обезбедувањето квалитет и информациските технологии.

Од научна конференција до меѓународен конгрес

Развојот на ICON BEST низ годините ја следи и трансформацијата на самиот Универзитет Скопје, од институција која ги гради своите почетоци во областа на туризмот, кон универзитет со поширок образовен, научен и општествен профил. Во 2016 година, на пример, ICON BEST беше организиран како „International Business and Tourism Research Conference“, со пленарна сесија и учество на истакнати меѓународни претставници од академската заедница и професионалниот сектор. Меѓу говорниците беа проф. д-р Гари Џејкобс, извршен директор на World Academy of Art & Science, проф. д-р Денис Гаш, претседател на International Assembly for Collegiate Business Education, и проф. Амелија Томашевиќ од VERN University of Applied Sciences во Загреб. Овој развој покажува дека ICON BEST не е настан од еднократен карактер, туку континуирана научна платформа која повеќе од една деценија го гради својот меѓународен профил.
ICON BEST 2024 – „Shaping the Future“
Деветтиот меѓународен научен конгрес ICON BEST 2024 се одржа на 18 ноември во Скопје, во хибриден формат со физичко присуство на Универзитетот Скопје и виртуелно учество на учесници од странство. Темата на конгресот беше „Shaping the Future: Trends and Insights for Tomorrow“, со фокус на современите тенденции и предизвици кои го обликуваат идниот развој. Конгресот повторно го потврди значењето на научната размена во областите на туризмот, економијата, образованието, бизнисот и менаџментот, а меѓу говорниците беа истакнати академски и професионални имиња од регионот и Европа, меѓу кои проф. д-р Горан Бандов, Луис Башур и проф. д-р Зоран Ивановски. Особено значајно е што резултатите од научната работа презентирана на ICON BEST продолжуваат да живеат и по завршувањето на конгресот. Трудовите се објавуваат во зборници и се евидентираат во академската продукција на Универзитетот.

Платформа за наука, соработка и развој

Значењето на ICON BEST, сепак, не се мери само преку бројот на одржани конгреси или презентирани научни трудови. Неговата суштина е во создавањето мост меѓу науката и практиката. Конгресот им овозможува на професорите, истражувачите, докторантите и младите научници да ги претстават своите најнови истражувања, но и да воспостават контакти со колеги од други институции и земји. Истовремено, присуството на претставници од бизнисот, јавниот сектор и различни професионални области придонесува научните сознанија да бидат ставени во контекст на реалните економски и општествени потреби.

ICON BEST во годината на 20-годишниот јубилеј

Посебно значење има десеттото издание на ICON BEST во 2026 година, кое се поврзува со одбележувањето на 20-годишнината на Универзитетот Скопје. Јубилејниот 10-ти International Scientific Congress for Business, Education, Sport and Tourism – ICON BEST 2026 е предвиден за 10 октомври 2026 година. Темата е „Digital Horizons: Smart Economy & Tourism Intelligence“, со посебен фокус на примената на вештачката интелигенција и дигиталните технологии во економијата, туризмот, претприемништвото, човечките ресурси, маркетингот и информациските технологии.

Така, ICON BEST 2026 симболично ги поврзува двете важни годишнини – 20 години Универзитет Скопје и 10 изданија на меѓународниот научен конгрес. Од првичната научна конференција во 2008 година до современата меѓународна научна платформа, ICON BEST ја следи развојната патека на Универзитетот и неговата определба кон квалитетно образование, научно-истражувачка работа, меѓународна соработка и создавање знаење релевантно за современото општество.



Меѓународен научен конгрес IconBest 2024.

Од идеја до традиција!

Од конференција до меѓународен конгрес!

Од научна мисла до знаење што создава развој!

ICON BEST е важен дел од научната приказна на Универзитетот Скопје!

4.4. Квалитет препознаен со TedQual

Во академската 2015/2016 година беше реализирана меѓународна надворешна евалуација според TedQual стандардите на Светската туристичка организација. Сертификатот, свечено доделен во 2016 година, ја потврди ориентацијата на Универзитетот кон системско управување со квалитетот и кон усогласување со меѓународни стандарди во туристичкото образование. Ревизиите и обновувањата на сертификатот ја зацврстија културата на континуирано подобрување.



Свечено доделување на TedQual сертификат за квалитет на Универзитетот Скопје, Малага, Мај 2016

4.5. Десет години – прва голема пресвртница

Кога во 2016 година беше одбележана првата деценија од основањето, Универзитетот веќе имаше изградено препознатлива и развиена академска структура. Во текот на првите десет години, институцијата постепено го прошируваше својот образовен и научен капацитет, развивајќи нови студиски програми, академски области и форми на поддршка за студентите и наставниот кадар. Првата деценија претставуваше период на интензивен раст, институционално консолидирање и поставување на темелите за идниот развој.

До овој јубилеен момент, Универзитетот веќе располагаше со сопствено научно списание, кое создаваше простор за објавување и размена на научни сознанија и придонесуваше кон афирмацијата на научно-истражувачката дејност. Паралелно со тоа, беа воспоставени меѓународни партнерства и контакти со високообразовни институции и академски средини од различни земји, отворајќи можности за соработка, размена на искуства и учество во поширок академски процеси.

Значајна компонента во развојот беа и научните собири, конференции, трибини и други академски настани. Тие овозможуваа непосредна комуникација меѓу истражувачите, наставниците, студентите и стручната јавност, поттикнувајќи размена на идеи и отворање нови теми за истражување. На тој начин, Универзитетот постепено ја зајакнуваше својата улога не само како образовна, туку и како научна и општествена институција. Во истиот период беше развиен и фондот за стипендии, преку кој се создаваа дополнителни можности за поддршка на студентите и нивниот образовен напредок.

5

ВТОРАТА ДЕЦЕНИЈА: ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА, МОДЕРНИЗАЦИЈА И НОВ ИДЕНТИТЕТ 2016–2026

Втората деценија донесе нова динамика. Ако првите десет години беа насочени кон создавање и консолидирање, периодот 2016–2026 беше време на поширока интернационализација, институционална модернизација, нови партнерства, развој на информатичките студии, јакнење на научните институти и целосно репозиционирање на брендот.

5.1. Меѓународни партнерства со нов интензитет

Во октомври 2017 година беше потпишан договор за соработка со Универзитетот „Папата Јован Павле Втори“ од Бјала Подласка. Соработката доби и научно-издавачка димензија преку заемно учество на ректорите во издавачките совети на научните списанија на двете институции.

Во март 2020 година беше потпишан договор со Универзитетот Dąbrowa Górnicza од Полска. Во 2021 година беше остварена работна посета на Узбекистан и склучен договор со Меѓународниот универзитет за туризам „Silk Road“ во Самарканд за академска мобилност. Истата година беше потпишан меморандум со Аграрниот универзитет во Пловдив, а во 2022 година следуваа меморандуми со Универзитетот во Сегед и Универзитетот за телекомуникации и пошти во Софија.



Потпишување меморандум за соработка со Ректорката за Универзитетот за телекомуникации и пошти од Софија, Миглена Темелкова

5.2. Европска мобилност и Erasmus+

Еразмус повелбата, стекната во претходната деценија, се претвори во трајна инфраструктура за студентска и кадровска мобилност. Преку Erasmus+ студентите добија можности за студиски престој и практикантство, а наставниот и административниот кадар за предавања, обуки и размена на искуства. Обновената Erasmus Charter for Higher Education за периодот 2021–2027 ја продолжи оваа европска ориентација.



Студенти на Универзитет Скопје во Порто Португалија преку Еразмус + 2016

5.3. Нови компетенции и нови области

Токму дигиталната трансформација на економијата и образованието ја наметна потребата од нови студиски содржини и нови академски профили. Развојот на Факултетот за информатика ја прошири традиционалната ориентација кон економските, туристичките и менаџерските дисциплини со области од информатиката, компјутерските науки и софтверското инженерство. Паралелно, институтите за национална географија и за бизнис и менаџмент ја проширија научно-истражувачката и стручно-апликативната димензија на Универзитетот.

5.4. Ребрендирањето во Универзитет Скопје

Во септември 2023 година Универзитетот за туризам и менаџмент се ребрендираше во Универзитет Скопје. Новото име го одрази проширениот академски идентитет, разновидноста на студиските области и позицијата на институцијата во главниот град. Беа промовирани нов визуелен идентитет, химна, видеоспот и медиумски продукти.

Промената не значеше прекин со традицијата на УТМС. Напротив, таа ја постави дваесетгодишната институционална меморија во поширока рамка. Историјата, вредностите и постигнатите резултати останаа темел, а новиот идентитет стана симбол на следната фаза на развој.



Промовирање на новото име
Универзитет Скопје


АЦЕ МИЛЕНКОВСКИ
УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ
УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ
2006
RLD
RISM
2023

5.5. Меѓународни посети

Во 2025 година делегација на Универзитет Скопје учествуваше на Генералното собрание на UN Tourism во Ријад, организирано во годината на 50-годишнината на организацијата. Во јануари 2026 година студенти, професори и асистенти беа во Мадрид, каде го посетија седиштето на UN Tourism и меѓународниот саем FITUR 2026 – симболичен мост меѓу почетоците од 2006 и јубилејната 2026 година. Студентите учествуваа на наставно-научниот практикум во Мадрид и посета на саемот за туризам FITUR 2026.



Студенти и академски кадар во посета на UN Tourism во Мадрид, јануари 2026



Наставно научен практикум на саемот за туризам во Солун

Учеството на Универзитет Скопје на саемите за туризам во Белград и Солун низ годините прерасна во традиција и во особено задоволство. Нашето учество е можност повторно да се сретнеме со пријателите, партнерите и колегите од туристичкиот сектор, да ги споделиме искуствата и да создадеме нови можности за соработка. Со секое ново учество, Универзитет Скопје ја потврдува својата посветеност кон туризмот, образованието и регионалното поврзување, носејќи ја со себе енергијата на своите студенти, професори и визијата за иднината.



Наставно научен практикум на саемот за туризам во Белград



6

АКАДЕМСКИ РАЗВОЈ: ФАКУЛТЕТИ, ИНСТИТУТИ И СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

Академската структура на Универзитетот се менуваше и се развиваше согласно законската рамка, акредитациите, потребите на пазарот на труд и стратешките определби на институцијата. Во различни развојни фази во составот на Универзитетот функционираа и беа акредитирани факултети и програми од областите на туризмот, спортски туризам, економијата, претприемништвото, меѓународниот маркетинг, менаџментот на човечки ресурси, односите со јавноста и информатиката.



Дел од академскиот кадар со Антонио Карлес - меѓународен евалуатор од UN TOURISM

6.1. Факултет за туризам – почетната точка

Факултетот за туризам е институци-оналното јадро од кое започна денешниот Универзитет. Неговата мисија беше насочена кон создавање стручен кадар за туристичкиот сектор, со силна практична компонента и со меѓународни стандарди во наставата. Практикантствата, теренските студии, меѓународните саеми и контактите со UN-WTO/UN Tourism му дадоа препознатлив профил и потврден позитивен квалитет.



Првата генерација студенти на Факултетот за туризам

6.2. Економски факултет

Економскиот факултет ја прошири академската понуда кон финансии, банкарство, осигурување, економски анализи, меѓународен маркетинг и современи деловни дисциплини. Во актуелната понуда на Универзитетот, економските студии се организираат преку програми од финансии, банкарство и осигурување, меѓународен маркетинг менаџмент и туризам, со можности за прв циклус додипломци и втор циклус магистри.

6.3. Факултет за менаџмент на човечки ресурси

Факултетот за менаџмент на човечки ресурси е насочен кон една од клучните функции на современите организации – управувањето со луѓето, талентите и организациското развој. Програмите интегрираат знаења од менаџмент, организациско однесување, лидерство, комуникација, мотивација, развој и стратешко управување со човечки капитал,со можности за прв циклус додипломци и втор циклус магистри..

6.4. Факултет за меѓународен маркетинг менаџмент

Меѓународниот маркетинг менаџмент беше развиен како академска област што ги поврзува маркетингот, пазарното истражување, бренд-менаџментот, комуникациите и глобалните деловни стратегии. Во поновата академска структура, содржините од ова поле се интегрираат и во програмите на Економскиот факултет со можности за прв циклус додипломци и втор циклус магистри.

6.5. Факултет за информатика

Факултетот за информатика го означи влезот на Универзитетот во областите на дигиталните технологии. Програмите опфаќаат информатика, компјутерска техника и сродни современи дисциплини, со цел студентите да стекнат знаења и практични вештини за развој, примена и управување со дигитални решенија. Во актуелната 25/26 се реализираат за прв циклус додипломци и втор циклус магистри.

6.6. Институт за национална географија

Институтот за национална географија ја продолжува традицијата на Универзитетот во географската и просторната анализа, туризмот, регионалниот развој и научно-истражувачката работа. Неговата улога е да создава знаење применливо во современите општествени, економски и геополитички процеси, со отвореност кон меѓународна соработка и интердисциплинарни истражувања.



6.7. Институт за бизнис и менаџмент

Институтот за бизнис и менаџмент е насочен кон научно-истражувачки, стручно-апликативни и образовни активности од областа на бизнисот, менаџментот и претприемништвото. Посебен акцент се става на применливи обуки, поврзување со бизнис секторот, развој на претприемачки идеи и создавање платформа за размена на знаење меѓу академијата и практиката.


Во актуелниот уписен модел за академската 2026/27 година Универзитет Скопје реализира студии преку Факултетот за менаџмент на човечки ресурси, Економскиот факултет - Финансии банкарство и осигурување, Меѓународен маркетинг менаџмент, Туризам и Факултетот за информатика, додека поширокаата институционална структура и акредитациската историја сведочат за повеќеслојниот академски развој во изминатите две децении.

20 години,
18 генерации дипломирани и
16 генерации магистрирани студенти!

Дваесет години историја, посветеност и создавање нови генерации професионалци.
Во своите две децении постоење, Универзитет Скопје испиша значајна образовна приказна со 18 генерации дипломирани студенти и 16 генерации магистрирани студенти.
Зад овие бројки стојат 5.987 дипломирани и 2.654 магистрирани, или вкупно 8.641 високообразован кадар кој своето знаење и професионален пат го започнал или надградил токму на Универзитет Скопје.
Тоа не се само бројки. Тоа се 8.641 приказна за знаење, успех, амбиција и иднина, генерации кои денес се дел од македонското и мегународното општество.
20 години Универзитет Скопје од првата генерација до илјадници успешни приказни.

20 години знаење!
20 години традиција!
20 години иднина!

Кадар на Универзитет Скопје



РЕКТОР
Проф. д-р Аце Миленковски



ПРОРЕКТОР ЗА НАСТАВА
Проф. д-р Мијалче Ѓоргиевски



ПРОРЕКТОР ЗА НАУКА И РАЗВОЈ
Проф. д-р Зоран Ивановски



ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Проф. д-р Јана Илиева



ДИРЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ
М-р Љупчо Наќев



ОПЕРАТИВЕН ДИРЕКТОР
М-р Марио Чачиќ



ДЕКАН
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ

Проф. д-р Сашко Граматниковски



ДЕКАН
ФАКУЛТЕТ ЗА МЕЃУНАРОДЕН МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ

Проф. д-р Валентина Муцунска Палевска



ДЕКАН
ФАКУЛТЕТ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Проф. д-р Александра Стоилковска



ДЕКАН
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

Проф. д-р Даліборка Блажеска



ДЕКАН
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА

Доц. д-р Весна Милевска



Проф. д-р
Виолета Миленковска



Проф. д-р
Слободан Ивановиќ



Проф. д-р
Благица Новковска



Проф. д-р
Александар Даштевски



проф д-р
Јован Пехчевски



Проф. д-р
Валентина Анѓелкоска



Проф. д-р
Симе Арсеновски



Проф. д-р
Јулијана Ангеловска



Проф. д-р
Ана Секуловска
Јовковска



Проф. д-р
Дејан Наковски



Проф. д-р
Наташа Ристовска



Проф. д-р
Благој Цонев



Проф. д-р
Александар Костадиноски




Проф. д-р
Зоран Стрезовски



Проф. д-р
Сретен Миладиноски



Проф. д-р
Леонид Џиневски



Доц. д-р Ангела
Миленковска Климоска



Проф. д-р
Тони Малиновски



Доц. д-р
Вера Бошковска



Доц. д-р
Љупчо Миленковски



Доц. д-р
Борче Сибиновски



Доц. д-р
Викторија Трајков



Доц. д-р
Миодраг Цекиќ



Доц. д-р
Нина Ангеловска



Доц. д-р
Дејан Недев



Доц. д-р
Гордана Серафимовиќ



Доц. д-р
Љупчо Јаневски



Доц. д-р
Фљамур Мифтари



М-р Ирена Андоновска



М-р Марина Стојмирова



М-р Горан Апостоловски



М-р Милица Петрушевска



М-р Маријана Радевска



М-р Билјана Проеска



М-р Елена Тасевска



М-р Роберто Миленков




М-р Јулијана Петровска



м-р Филип Наќев



М-р Сашо Кочоски



М-р Љупчо Ристески



М-р Александар Стојановски



М-р Горан Каровски



ПРАВНА СЛУЖБА
Емина Имероска



Дарко Каровски
Раководител на студентски евиденции



Драги Илиевски
Референт за студентски евиденции



Сузана Мурџева
Референт за студентски евиденции



Јахји Мемедов
Референт за студентски евиденции



Љубчо Миленков
Референт за студентски евиденции



Секретарка
Дијана Хаџиарсова



Сашко Шишковски
Референт за студентски евиденции

БОРДОВИТЕ – ДЕЛ ОД ДВАЕСЕТГОДИШНАТА ВИЗИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Учеството на Бордовите за соработка и доверба со јавноста на сите факултети и нивниот придонес во развојот на академскиот процес е значаен затоа што во нивната работа се обединуваат стручноста, искуството, различните професионални перспективи и визијата за идниот развој на Универзитетот. Преку своето учество во разгледувањето на важни прашања и стратешки насоки, тие придонесуваат кон создавање институционална основа врз која Универзитетот може стабилно да се развива.

Особено значајна е нивната улога во поддршката на квалитетот, развојните процеси, академските стандарди, поврзувањето со професионалната и општествената средина и отворањето перспективи за нови форми на соработка и развој.

Во изминатите две децении, Универзитет Скопје се менуваше и растеше заедно со времето. Секој нов предизвик бараше нови одговори, а секоја нова генерација поставуваше нови очекувања. Во тој процес, придонесот на бордовите е во создавањето простор за стратешко размислување, размена на искуства и носење насоки што го поддржуваат долгорочниот развој на институцијата.

Нивната вредност не е само во формалната функција, туку пред сè во знаењето и искуството што го внесуваат во академската заедница. Различните професионални профили овозможуваат Универзитетот на своите предизвици да гледа од повеќе перспективи и полесно да ги препознава можностите што ги носи современото високо образование.

Токму затоа, нивниот придонес е нераскинлив дел од јубилејната приказна.

А бордовите, со своето учество и посветеност, се дел од процесот преку кој овие вредности се поврзуваат во една заедничка институционална цел – Универзитет Скопје да продолжи да расте, да се унапредува и да создава генерации подготвени за иднината.

Во тој контекст, бордовите се дел од институционалната меморија, сегашниот развој и идната визија на Универзитет Скопје.

И токму во таа непрекината врска меѓу постигнатото и она што допрва треба да се создаде, се препознава значењето и придонесот на бордовите во дваесетгодишната приказна на Универзитет Скопје.



Дваесетгодишното искуство е темелот!

Знаењето и мудроста се силата!

Визијата е насоката!

7

КВАЛИТЕТОТ КАКО ИНСТИТУЦИОНАЛНА КУЛТУРА

Квалитетот е една од најконзистентните линии во развојот на Универзитетот. Од првите години се развиваат механизми за следење, евалуација и подобрување на наставниот процес, а политиката на квалитет се поврзува со меѓународните TedQual стандарди на Светската туристичка организација на Обединетите нации - UN TOURISM.

Културата на квалитет не се сведува на сертификат. Таа подразбира јасно дефинирани студиски исходи, современи наставни методи, повратни информации од студентите и од бизнис-заедницата, професионален развој на наставниот кадар, редовна самоевалуација и подготвеност за корективни и развојни мерки.

Значајна улога имаат и одборите за соработка и доверба со јавноста, преку кои претставници на професионалната и бизнис-заедницата учествуваат во дијалогот за релевантноста на студиските програми, практичната работа и компетенциите што им се потребни на дипломираните студенти.

На овој начин, квалитетот е поставен како процес на постојано усогласување меѓу академските стандарди, потребите на студентите, барањата на професиите и промените во општеството.



Високиот претставник на UN Tourism Антонио Де Виља му го доделува TedQual сертификатот на Универзитет Скопје, Ријад, Саудиска Арабија ноември 2025


8

НАУКА, ИСТРАЖУВАЊЕ И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

8.1. UTMS Journal of Economics

UTMS Journal of Economics е меѓународно научно списание за мултидисциплинарни истражувања. Се издава двапати годишно и работи со меѓународен научен уредувачки одбор и рецензентска постапка. Во текот на своето постоење списанието се разви во важен канал за објавување оригинални научни трудови од домашни и странски автори и е присутно во повеќе релевантни научни и библиографски бази.

Создавањето сопствено научно списание беше стратешки чекор: Универзитетот не остана само корисник на постојното знаење, туку создаде инфраструктура за негово производство, критичка проверка и меѓународна дисеминација.



Меѓународно научно списание кое Универзитет Скопје го издава два пати годишно

8.2. ICON BEST и научните собири

Научните конференции и конгреси во организација на Универзитетот ја отворија институцијата кон истражувачката заедница. ICON BEST обединуваше теми од бизнисот, економијата, туризмот, менаџментот, спортот и сродните дисциплини и овозможуваше научните резултати да бидат презентирани, дискутирани и објавувани. Трудовите се објавуваат во JOURNAL OF ECONOMICS.

8.3. Проекти и применети истражувања

Во различни периоди Универзитетот и неговиот кадар учествуваа во национални и меѓународни проекти, европски програми и истражувачки иницијативи. Важен аспект на оваа работа е ориентацијата кон применливи резултати: развој на наставни програми, анализи, модели, обуки, економски и туристички истражувања, како и партнерства со институции и компании.

9

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И АКАДЕМСКА МОБИЛНОСТ

Интернационализацијата е еден од клучните столбови на Универзитет Скопје. Таа се реализира преку институционални договори, Erasmus+ мобилности, учество во меѓународни организации, заеднички научни активности, гостински предавања, студиски посети и размена на публикации и искуства.

9.1. Принципи на меѓународната соработка

- размена на студенти, наставници, истражувачи и административен кадар;
- заеднички научно-истражувачки и образовни активности;
- развој и усогласување на студиски програми;
- организирање конференции, семинари, работилници и гостински предавања;
- размена на публикации и академски ресурси;
- поврзување на академијата со меѓународни компании, организации и професионални мрежи.

9.2. Партнерства што го проширија академскиот хоризонт

Во првата деценија беа воспоставени партнерства со универзитети и факултети од Словенија, Хрватска, Србија, Италија, Шпанија, Холандија, Кина и други земји, вклучувајќи соработка со Универзитетот во Љубљана, Универзитетот во Риека, La Sapienza во Рим и Универзитетот во Валенсија. Во втората деценија мрежата се прошири со партнери од Полска, Узбекистан, Бугарија, Унгарија и Хрватска.

9.3. UNWTO / UN Tourism – партнерство со глобален контекст

Врската со Светската туристичка организација е една од најпрепознатливите меѓународни линии во историјата на Универзитетот. Преку членство, професионални контакти, сертификат за квалитет TedQual, студиски посети, предавања и учество на глобални настани, Универзитетот ја поврза локалната академска средина со глобалните дебати за туризмот, образованието и одржливиот развој.



Договор за соработка со Југозападниот Универзитет за финасии и економија од Кина, мај 2026

10

СТУДЕНТОТ ВО ЦЕНТАРОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

